# DEVELOPMENT OF ENTREPRENEURSHIP IN THE PUBLIC ADMINISTRATION

**Petar Bogojeski**
Ministry of Defense of the Republic of North Macedonia, pbogojeski@gmail.com
**Vesna Korunovska**
Customs Administration of the Republic of North Macedonia, vesnakorunovska@yahoo.com

**Abstract:** As a field of study, entrepreneurship has become a prominent discipline in today`s world, as more and more professionals are interested in understanding its challenges. It is this characteristic associated with entrepreneurship that is the subject of processing in this scientific paper, which is focused on analyzing the need for development of entrepreneurship in the public sector, trough the implementation of innovative solutions as a prerequisite for establishing permanent stability of the social systems of the state. The development of entrepreneurship in public administration and in general, can help new entrepreneurs to strengthen their skills and abilities and become more proficient in the management of institutions. Public administration is the area concerned with the management and delivery of public services and policies. Public administrators face a number of challenges, including limited resources, complex regulations, diverse needs and changing employee expectations. Entrepreneurship helps public administrators to solve these issues by discovering new ways to improve efficiency, effectiveness and quality of public services and policies. Entrepreneurship can create inventive solutions to social and environmental problems. They can also engage and empower citizens, communities and partners to create value and impact. In addition, entrepreneurship can foster a culture of creativity, collaboration and learning in public organizations.
The term public entrepreneurship (Leyden, D.P, &Link, A.N.,2015) means the promotion of innovative solutions for the creation of economic policies that will generate and release business ideas, make more profit and generate more economic progress in a favorable working environment. Nowadays, entrepreneurship in the public sector affects the transformation processes of organizations, by increasing the effectiveness of the knowledge and skills of entrepreneurs, that is, by increasing the heterogeneous characteristics of economic entities and their ability to turn such diversity into an advantage.
Public entrepreneurship is manifested through various activities, such as: changing the institutional environment or the rules of the game, establishing new public organizations, creating and managing new public resources, and exploiting the spillover effects of private actions for the public interest. Therefore, it is necessary to perceive the current trends and challenges in the public sector in general, and then to develop the theories of private entrepreneurship in order to achieve a sustainable environment for practicing the principles of entrepreneurship.
**Keywords**: entrepreneurship, public entrepreneurship, public sector, administration, development, innovations

# РАЗВОЈ НА ПРЕТПРИЕМНИШТВОТО ВО ЈАВНАТА АДМИНИСТРАЦИЈА

**Петар Богојески**
Министерство за одбрана на РС Македонија, pbogojeski@gmail.com
**Весна Коруновска**
Царинска Управа на РС Македонија, vesnakorunovska@yahoo.com

**Резиме:** Како поле на проучување претприемништвото стана истакната дисциплина во сегашниот свет, бидејќи се’повеќе и повеќе професионалци се интересираат да ги разберат неговите предизвици.Токму таа карактеристика поврзана со претприемништвото е тема на обработка во овој научен труд, кој е фокусиран да ја анализира потребата од развој на претприемништвото во јавниот сектор, преку практикување иновативни решенија како предуслов за воспоставување трајна стабилност на општествените системи на државата. Развојот на претприемништвото во јавната администрација и општо, може да помогне новите претприемачи да ги зајакнат нивните постоечки вештини и способности и да станат повешти во управувањето на институциите. Јавната администрација  е област која се занимава со управување и испорака на јавни услуги и политики. Јавните администратори се соочуваат со голем број предизвици, вклучувајќи ограничени ресурси, сложени регулативи, различни потреби и променливи очекувања на вработените. Претприемништвото им помага на јавните администратори да ги решат овие прашања со откривање нови начини за подобрување на ефикаснста, ефективноста и квалитетот на јавните услуги и политики.

Дополнително, претприемачите можат да креираат инвентивни решенија за социјалните и еколошките проблеми. Тие, исто така, можат да ги ангажираат и да ги поттикнат граѓаните, заедниците и партнерите да создаваат вредност и влијание. Покрај тоа, претприемништвото може да поттикне култура на креативност, соработка и учење во јавните организации.
Поимот јавно претприемништво (Leyden, D. P., & Link, A. N. 2015) значи промоција на иновативни решенија за креирање на економски политики кои ќе генерираат и релизираат бизнис идеи, ќе остварат поголем профит и притоа ќе генерираат поголем економски напредок, во поволно работно окружување. Во денешно време, претприемништвото во јавниот сектор влиае врз процесите на трансформација на организациите, преку зголемување на ефективноста на знаењето и вештините на претприемачите, односно преку зголемување на хетерогените карактеристики на економските субјекти и нивната способност таквата разновидност да ја претворат во предност. Јавното претприемништво се манифестира преку различни активности, како што се: промена на институционалната средина, формирање нови јавни организации, создавање и управување со нови јавни ресурси и искористување на преливните ефекти на приватните акции за јавниот интерес. Затоа, неопходно е да се согледаат актуелните трендови и предизвици во јавниот сектор воопшто, а потоа да се разработат теориите за приватното претприемништво со цел за постигнување одржлива средина за практикување на принципите на претприемништвото.
**Клучни зборови**: претприемништво, јавно претприемништво, јавен сектор, администрација, развој, иновации

## 1. РАЗВОЈ НА ПРЕТПРИЕМНИШТВОТО-ПОИМ И ФУНКЦИИ

Претприемиштвото е дефинирано како процес на зајакнување на вештините и знаењето на претприемачите во однос на развојот, управувањето и организацијата на деловниот потфат, имајќи ги предвид ризиците поврзани со него. Во светот постојат многу програми и обуки кои имаат за цел да ја нагласат претприемачката острина и развој на вештини со помош на кои, новите претприемачи ќе успеат да се справат со градење и оджување на бизнисот во јавниот или приватниот сектор.

### Состојби и предизвици за јавниот сектор

Јавниот сектор е дел од економијата составена од јавни услуги и јавни претпријатија. Јавните сектори вклучуваат јавни добра и владини услуги, како што се: војската, спроведувањето на законот, инфраструктурата (јавни патишта, мостови, тунели, водоснабдување, канализација, електрични мрежи, телекомуникации и сл.), јавен транзит, јавно образование, заедно со здравствена заштита и тие кои работат за самата влада, како што се избраните функционери. Јавните претпријатија или државните претпријатија се самофинансирани трговски претпријатија кои се во јавна сопственост кои обезбедуваат разни приватни добра и услуги за продажба и обично работат на комерцијална основа. Составот на јавниот сектор варира во зависност од земјата, но во повеќето земји, јавниот сектор вклучува и услуги.

### Развој на претприемништвото

Реформите во управувањето со јавниот сектор започнаа во 80-тите години од минатиот век во Англо-саксонските земји (САД, Нов Зеланд, Канада и Обединетото Кралство) и се познати под името „Нов јавен менаџмент". Суштината на овие реформи е да се применат принципи во јавната администрација, слични на принципите во приватниот сектор, но на стандардизиран, западен модел. Главната мотивација е да се намалат владините расходи, првично со приватизација на јавните претпријатија и намалување на трошоците за плати на административците до одржливо ниво, за да се ослободат ресури за други попродуктивни намени за економијата.
Реформите во јавниот сектор во секоја земја се спроведувани на различен начин и со различна динамика, што значи, некои земји се ефективно реформирани и имаат ефикасен јавен сектор, а други земји располагаат со неефикасна јавна администрација, каде реформите се спроведуваат само провизорно под разни политички и други надворешни влијанија.
Развојот на претприемништвото е стратешки процес кој вклучува различни алатки кои се концентрираат на развојот на вештините на подинецот.

### Претприемништво, иновации и одржлив развој

Претприемништвото долго време предизвикува големо внимание помеѓу стручната јавност во областа на економијата и менаџментот, но и од други научни области и дисциплини. Тоа побудува огромен интерес и кај политичките лидери кои на него често ги темелат своите клучни, економски политики за раст на националните економии. Претприемништвото е професионална окупација за голем број луѓе кои започнуваат сопствени деловни потфати, најчесто мали бизниси, но тоа е, исто така, изразено и во големите претпријатија во форма на интра-претприемништво или корпоративно претприемништво. До пред десетина години, претприемништвото и манифестацијата на неговите карактеристики беа вообичаени за приватниот,

но не и за јавниот сектор. Денес, сè повеќе се зборува дека иманентните претприемачки карактеристики, како што се: иновацијата, искористувањето на можноста, прифаќањето на ризикот, проактивноста, добредојдени се во работењето на јавниот сектор. Постојат голем број позитивни примери на т.н. корпоративно претприемништво во јавниот сектор, особено кај непрофитните организации, болници, универзитети, но и кај сè повеќе локални и централни власти, како и јавни претпријатија ширум светот.

За претприемачот се вели дека е факторот во економијата којшто комбинира ресурси во такви комбинации кои ја прават нивната вредност поголема. Тоа е личноста која водена од потребата да добие или да постигне нешто повеќе отколку другите вработени, воведува иновации, промени. Тој е централната точка на претприемачкиот процес кој има четири фази:

-идентификување и оцена на можноста,
-развивање деловен план,
-определување, идентификување и обезбедување на потребните ресурси,
-управување со организацијата.

**Иновациите во јавниот сектор**

Иновациите може да се дефинираат како процес на генерирање нови идеи и нивно спроведување за создавање вредност за општеството покривајќи нови или подобрени процеси (внатрешен фокус) и услуги (надворешен фокус). Таа зазема различни форми почнувајќи од паметни (smart) набавки, мобилизирање нови форми на финансирање на иновации, создавање дигитални платформи и услуги насочени кон граѓаните, како и поттикнување нова претприемничка култура меѓу јавните менаџери. Потребна е нова визија за јавниот сектор, со која јавните менаџери ќе станат јавни претприемачи. Ова може да се случи само преку продорна промена на начинот на размислување, со повеќе експериментирање, контролирано преземање ризик и агилен и персонализиран одговор на новите конститутивни предизвици. Ова ќе помогне да се ослободи потенцијалот на иновативниот јавен сектор, кој може да се трансформира во многу потребен мотор за раст за економијата.

**Одржлив развој на јавниот сектор и националната економија**

Прифаќањето на концептот и принципите за одржлив развој во една земја значи воведување концептуални промени и претставува предизвик со кој се соочува секој претприемач. За тоа е потребно доволно развиена свест, разбирање и прифаќање на концетот и принципите на одржлив развој. На тој начин се обезбедува континуиран напредок на квалитетот на животот во државата и задоволување на потребите на сегашните и овозможување благосостојба на идните генерации.

Негативните климатски промени, неефикасната употреба на енергијата, сиромаштијата и социјалната ограниченост, демографското стареење во одредени региони во светот, неефикасното и недоволно користење на природните ресурси, загадувањето на природата и загубата на биодиверзитетот, се процеси што имаат карактер на ургентност. Заедничка должност и задача на сите луѓе е да го зачуваат капацитетот на планетата во целокупниот диверзитет и да обезбедат одржлив развој и живот за идните генерации. Тоа значи создавање економија со полна и високо-квалификувана вработеност, флексибилност на промените во засегнатите сектори, обезбедување квалитетна здравствена заштита, социјална стабилност, како и заштита на животната средина.

## 2. ЦЕЛИ НА ПРЕТПРИЕМНИШТВОТО ВО ЈАВНИОТ СЕКТОР

Основна цел на ревидираната стратегија на претприемништвото во јавниот сектор е преземање активности преку воведување на мерки и регулативи, да се овозможи непречено и континуирано подобрување на животот на сегашните и идните генерации, преку зајакнување на институциите и создавање организации способни самостојно и ефикасно да управуваат со расположивите ресурси, а истовремено да го развиваат еколошкиот и социјалниот потенцијал на националните економии, што би обезбедило економски просперитет, заштита на животната средина и социјална стабилност. Целите за одржлив развој (The Sustainable Development Goals) претставуваат универзален спој од цели кои насочени се кон придонесување кон напорите за постигнување одржлива средина за практикување на принципите на претрпиемништвото во секој агол ширум светот.

Генерално, јавното и приватното претприемништво ги споделуваат основните карактеристики, но се разликуваат во однос на дефинирањето и мерењето на целите, што произлегува од различните цели кои ги имаат претпријатијата во јавниот сектор, во однос на приватните претпријатија. Главен елемент на претприемништвото, во дадена организација и окружување, е менаџментот, но и останатите вработени на различни позиции. Во услови на економска глобализација, претприемачите во приватните претпријатија и претприемачите во јавните претпријатија треба да поседуваат потребни претприемачки вештини и знаења. Во услови на динамично окружување, важно е претприемачите да поседуваат способност за креативно

мислење, т.е. постојано да изнаоѓаат нови решенија за проблемите кои произлегуваат од секојдневното работење.

Една типологија предлага 4 категории/сценарија засновани врз владините претприемачки капацитети и моќта на граѓанското општество.

1) МАКСИМИЗИРАЊЕ на јавниот претприемачки капацитет. Ова сценарио за политика подразбира максимизирање на капацитетот на агенцијата за иновации и поттикнување на ендогеното организациско опкружување со цел да се олесни креативноста кај своите вработени. Ова сценарио посоодветно е за земји кои се карактеризираат со висока владина претприемачка моќ и активно граѓанско општество.

2) ВОДЕЧКИ јавен претприемачки капацитет. Ова сценарио подразбира максимизирање на капацитетот на агенциите за мобилизирање на граѓанското општество за да ги предводи општествените претприемачки промени. Овој пристап е посоодветен за земјите со висок ангажман на граѓанското општество и со поригидни и длабоко вкоренети влади кои не се подготвени да иновираат со нејзините формални структури и бирократии.

3) АУТСОРСИНГ јавен претприемачки капацитет. Ова сценарио подразбира аутсорсирање јавен претприемачки капацитет на трета организација со цел независно да го поттикне претприемачот, особено во рурална агенда во економската политика на земјата. Оваа политика пропишана е за земји со ниска политичка и економска моќ за промени, но со голема вклученост на граѓанското општество.

4) ПРЕТВОРЕН јавен претприемачки капацитет. Оваа политика подразбира неспособност и/или неподготвеност на владата да се вклучи во претприемачки иницијативи и е типична за државите во слаб развој, чии администрации се недоволно вработени, обучени и недоволно финансирани.

**3. ПРИНЦИПИ ЗА РАЗВОЈ НА ПРЕТПРИЕМНИШТВОТО ВО ЈАВНИОТ СЕКТОР**

Стратегијата за развој на претприемништвото во јавниот сектор е основана на неколку принципи:

-*Прв принцип*- формулирање на стратешка рамка за реформа на јавниот сектор. Тоа опфаќа подготовка на сеопфатна проценка на постојната и воспоставување на соодветна организациска рамка за овозможување на имплементацијата на реформите;

-*Втор принцип*- развој на менаџерски политики и меѓусекторска координација. Планирањето на политиките треба да биде усогласено со финансиските околности на организацијата и да се предвиди и гарантира организацијата да може да ги оствари своите цели;

-*Трет принцип*- испорака на јавните сервиси и менаџментот со човечките ресурси. Добро менаџиран јавно-сервисен систем е оној систем што овозможува достигнување адекватно ниво на професионализам, стандардизирано однесување на јавните службеници на сите нивоа на администрацијата, одржливост и квалитет на јавните сервиси, при што обезбедува високо квалиетни услуги и добра на граѓаните и компаниите;

-*Четврт принцип*- јавно-финансискиот менаџмент. Во сите сегменти на буџетскиот циклус, од формулација до извршување, вклучувајќи набавки, контрола и ревизија, од елементарно значење е постоењето на високо развиен јавно-финансиски систем на управување, кој ќе ги направи вистинските избори во соодветно време и ќе ги почитува трошковните ограничувања.

**4. ЗАКЛУЧОК**

Функционален јавен сектор е предуслов за транспарентно и ефективно демократско управување и овозможување на одржлив развој на националната економија. Во оскудност на јавните финансии, од една страна и потребата од зголемување на јавните расходи, од друга страна, решенија за проблемот се бараат во нови облици на управување и организација на јавните сервиси, со цел нивна зголемена ефикасност, економичност и ефективност.

Евидентно е дека реформата на јавната администрација е неопходна. Постојана е потребата од сеопфатен организациски развој и институционално зајакнување во сите сфери на јавниот живот, вклучувајќи креирање на политики, подготовка на правна и регулаторна рамка, стратешко планирање, администрација, мониторинг и спроведување. Тоа значи воспоставување ефективна администрација во јавниот сектор, подигање на претприемачките способности на раководниот кадар, назначување високи менаџерски позиции кои се јасно регулирани, воведување критериуми за наградување и за развој на кариерата, дообразување и преквалификација на вработените, како и таргетирање на одговорноста се индикатори за воспоставување ефективна администрација.

**ЛИТЕРАТУРА**

Anderson, W.D. & Hamman, J. (2024). The Essence of Leadership;
Communication from the Commission to the European Parliament, The Council, The European Economic and Social Committee and The Committee of the Regions (2011), Social Business Initiative Creating a favourable climate for social enterprises, key stakeholders in the social economy and innovation Brussels;
Coyne, C., & Hall A. (2023). Knowledge and Entrepreneurship in Public Policy (Economy, Polity and Society);
Excellence in Public Administration for Competitiveness in EU Member States Published on: 29/10/2013, Last update: 19/12/2016
Frederickson, H.G. (1996). Comparing the Reinventing Government Movement with the New Public Administration, in Public Administration Review, Volume 56 Number 3;
Gatti, S. (2023).Project Finance in Theory and Practice: Designing, Structuring and Financing Private and Public Projects;
Heinonen, J. (2011). Entrepreneurship in public sector organizations, Turku School of Economics and Business Administration, Small Business Institute, Turku, Finland, p. 5.;
Leyden, D. P., & Link, A. N. (2015). Public sector entrepreneurship: U.S. technology and innovationpolicy. New York: Oxford University Press
Maguire, S., Hardy, C., & Lawrence, T. B. (2004). Institutional Entrepreneurship in Emerging Fields. Academy of Management Journal, 47: 657-679;
Neck, M.H., & Neck, P.C. (2019). Entrepreneurship: The Practice and Mindset;
Public Administration Reform Practice Note, UNDP;
Pollitt, C., & Bouckaert, G. (2011). Public Management Reform: A Comparative Analysis: New Public Management, Governance, and the Neo- Weberian State, 3rd edition, Oxford: Oxford University Press;
Tompkins, R.J. (2023). Organization Theory and Public Management
Van de Walle, Hammerschmid, Andrews & Bezes. (2018). Introduction: Public administration reforms in Europe, June 2016, p. 5. Available from: https://www.researchgate.net/publication/304624416_Introduction_Public_Administration_Reforms_in_Europe